Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-87/2
___________ година 07-08-2026

Постапувајќи по претставка бр. 08-912/1 од 30.12.2025 година од страна на --- од --- и --- од ---, преку полномошник адвокат --- од ---, со седиште на --- во ---, за вознемирување сторено од страна на --- со адреса на живеење на --- во ---, врз основа на општествен и личен статус во областа на медиумите и јавното информирање, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020), го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз лицата --- од --- и --- од ---, сторено од страна на --- од --- врз основа на општествен и личен статус во областа на медиумите и јавното информирање.

## О б р а з л о ж е н и е

На 30.12.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ( во понатамошниот текст: **"Комисијата"**) беше поднесена претставка бр. 08-912/1 од страна на --- од --- и --- од ---, преку полномошник адвокат --- од ---, со седиште на --- во ---, за возменирување извршено од страна на --- од ---, а врз основа на општествен и личен статус во областа на медиумите и јавното информирање.

Во претставката од страна на подносителите беше наведено дека на 13.12.2025 година лицето --- започнала да ги вознемирува преку социјалната мрежа ---. Именуваната во повеќе наврати на нејзиниот јавен профил продолжено објавувала вознемирувачки содржини преку т.н "стори објави" со текстуална и визуелна содржина со кои директно упатувала навреди, омаловажувања и клевети кон подносителите. Како причина, односно основ подносителите наведуваат дека е нивниот општествен и личен статус или уште поконкретно фактот дека лицето --- остварувала деловна соработка со "---" (со инстраграм профил "---" ), а како директна конкуренција на ---, компанијата во која што работи и ја раководи --- ---.
Според наведеното, ваквите дејствија претставувале сериозна и тешка форма на вознемирување и создавале непријателска, навредлива и деградирачка средина кон поднодителите. Поконкретно, лицето --- објавувала содржини како – "---" (проселдено со слика од подносителот), "---" (проследено со слика од подносителот ---), "---" (проследено со слика од дел од јавна објава на правното лице во сопственост на подносотелот). Понатаму, лицето --- објавила и дополнителна вознемирувачка содржина на која напишала "---", "---", "---" – при што истите биле проследени со слика од наводно полов орган на подносителката, со што било извршена тешка повреда на нејзиното достоинство, чест и углед, како и сериозно нарушување на нејзината приватност. Дополнително, од страна на потенцијалниот дискриминатор биле

објавени приватни телефонски броеви на подносителите како и повеќе разговори со трети лица, непознати лица во кои подносителите се навредувале и омаловажувале со коментари како – "---", "---", "---", "---", "---", "---" итн.
Сето наведено според подносителите е континуирано, намерно и јавно вознемирување, злоупотреба на социјални мрежи и грубо нарушување на личниот, професионалниот и деловниот интегритет на подносителите со реални штетни последици и ненадоместлива штета.

Кон претставката како доказ беа приложени повеќе фотографии во фотокопие, објавени на личен профил на потенцијалниот дискриминатор на социјалната мрежа ---.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 20.01.2026 година до потенцијалниот дискриминатор достави барање бр. 08-97/1 со цел добивање на произнесување по наводите во претставката. Ова барање беше вратено од страна на носителот на поштенски услуги со назнака дека лицето на кое беше упатено, не го побарало како би постапило по истото. Заради наведеното, на 17.02.2026 година Комисијата направо втор обид за достава на писменото, но и овој пат истото беше вратено од страна на носителот на поштенски услуги со назнака – преселен.

Со оглед на сето наведено, пред се земени предвид наводите истакнати во претставката, истовремено во недостиг на произнесување по наводите од страна на лицето против кое е поднесена претставката, со кое би се побиле ваквите наводи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во конкретниот случај утврди вознемирување сторено од страна на лицето --- врз подносителите на претставката --- од --- и --- од --- врз основа на општествен и личен статус во областа на медиумите и јавното информирање, а онака како е опишано во член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, и тоа *"вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика."*
Имено, пријавениот, односно утврдениот дискриминатор, именуваната --- на нејзиниот профил на социјалната мрежа --- во континуитет, повеќе пати објавувала објави кои со оглед на деградирачката и омаловажувачката содржина, имаат возмнемирувачки елементи насочени кон подносителите на претставката. Со оглед на нивниот конкурентски однос на деловен план, основано може да се заклучи дека тоа е причина за ваквото постапување. Последиците кои ваквите објави би можеле да ги имаат по подносителите на претставката може да се смета дека се сериозни доколку се има предвид дека лицето кое ги објавувало е јавна личност па голем е бројот на лица кои ги следат нејзините објави и врз основа на истите создаваат перцепција за подносителите на претставката што доведува до повреда на нивното достоинство и создава непријателска и понижувачка средина за нив. Воедно претставува и повреда на личниот и професионалниот интегритет.

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ova мислење, па во согласност со член 27, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврденото вознемирување, а со цел отстранување на повредите на правото, ја донесе следната:

## ПРЕПОРАКА

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** лицето --- во иднина да се воздржи од објавување на било какви објави на социјалните мрежи чија содржина се однесува личниот или професионалниот живот на --- и --- , а која би била со елементи на возменирување кое би имало за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на закanувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, почитувајќи го личното и професионално достоинство на именуваните.

Доколку лицето ---, не постапи во согласност со дадената препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје,
04.08.2026 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик Претседател
Зекир Абдулов

Доставено до:
- ---
- ----
- Архива на КСЗД



ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk